зр

**Mare Tarcugovska**

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Wednesday, March 6, 2019 1:16 PM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: ] |
| **Attachments:** | Untitled attachment 00076.txt; Untitled attachment 00079.html |

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.03.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 24 | | |


Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message -------------
Subject: Марија
From: @yahoo.com>
Date: Wed, 6 Mar 201912:15:41 +0000 (UTC)
To: "contact@avmu.mk" <contact@avmu.mk>

0309
2
06.03.2019

Почитувани,

Во пресрет на претседателските избори 2019 год. се наметнаа многу дилеми што треба да се разјаснат.Како претседателка на Асоцијацијата на толкувачи на македонски знаковен јазик „Гласни раце„ од Скопје ,а вработена во образовната програма на Македонската радио-телевизија како Новинар,би сакала да знам дали за време на претседателската кампања јас и моите колеги кои исто така се медиумски работници за МТВ и Канал 24 ќе имаме право да ги опслужуваме политичките претставници-кандидати при нивни настапи пред јавноста.Имајќи предвид дека сите заложби и препораки по Конвенцијата за правата на лицата со попреченост се во насока на доближување и право на информираност за програмите на претседателските кандидати што ги нудат и ветувањата кои ги даваат,како би можеле сами да донесат одлука за кого ќе гласаат.Она што е важно да се напомене е дека во овој случај ние зборуваме за наше учество само за толкување на кандидатите,а не на наши новинарски активности.Бидејќи бројот на сертифицирани толкувачи е ограничен,Ве замолувам Советот на Агенцијата да се произнесе по ова за да можеме точно да знаеме, како да реагираме на барањата на политичките партии или нивни претставници кои веќе полека стасуваат и се адресирани до нас.Се надевам дека решението кое ќе го понудите ќе биде прифатливо и во прилог на подобрување на досегашните стерилни состојби кога зборуваме за глувата заедница во Македонија и нејзино слободно учество на политчки митинзи,средби ,унии идр.

Со почит

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by MailScanner, and is believed to be clean.